ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-13635/2
12. 12. 2025 20__
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на Одлуката за утврдување на потребата за спроведување јавен повик за давање право на времено користење на недвижна ствар-стан, сопственост на Град Скопје на Совет ("Службен гласник на Град Скопје" број 13/25), Град Скопје објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК
за давање право на времено користење на недвижна ствар-стан, сопственост на Град Скопје

### I. Предмет на јавниот повик:

Предмет на јавниот повик е давање право на времено користење на недвижна ствар-стан, сопственост на Град Скопје на здружение или фондација која работи во областа на превенција, спречување на семејно насилство и згрижување на жртвите на семејното насилство.

### II. Временска рамка за користење на недвижната ствар-стан

Недвижната ствар – станот, ќе биде доделен на користење за временски период од една (1) година.

### III.Услови за учество на јавниот повик

Апликантите кои учествуваат на овој јавен повик да ги исполнуваат следните услови:

- Да се регистрирани во Централниот регистар на Република Северна Македонија,
- Да работат на активности и проекти во областа на грижа и превенција за жртвите од семејно насилство ;
- Да имаат искуство од областа на социјалната заштита од минимум пет години;
- Да раководи со специјализирана услуга за помош и поддршка на родово базирано насилство.

### IV. Начин на пријавување на јавниот повик

Апликантите кои учествуваат на овој јавен повик се должни да ја достават следната документација:

- Пополнет Образец за предлог проект (достапен на веб страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk);
- Решение за регистрација на апликантот издадена од Централен регистар ;
- Фотокопија од завршната сметка за претходната фискална година;
- Копија од Статутот на апликантот;
- Уверение за платени даноци издадено од даночните органи.

Апликантите можат да ја достават следнава дополнителна документација, која ќе се смета за предност:

- Професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот;
- Референтна листа или доказ (пример: потпишан договор) за најмалку 2 проекти реализирани во областа за која што се аплицира;
- Најмалку 2 мислења (референци) од партнери или донатори за реализација на претходни проекти;
- Писмена поддршка од други организации и/или институции за кои е планирано да земат учество во реализицијата на проектот.

## V. Начин на спроведување на јавниот повик

За утврдување на исполнување на условите и комлетноста на доставената документација од јавниот повик, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на јавен повик за давање на право на времено користење на недвижна ствар- стан, сопственост на Град Скопје( во понатамашниот текст : Комисијата).

Пријавите кои се ненавремени, неуредни (нечитливи) или некомплетни и не ги исполнуваат условите, Комисијата нема да ги разгледува, за што ги известува апликантите чии пријави се отфрлени.

За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат условите, Комисијата дава предлог ранг листа до Градоначалникот за избор на апликант за давање право за времено користење на недвижна ствар – стан.

Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата донесува Решение за давање право на времено користење на недвижна ствар- стан на најдобро рангираниот апликант. Со избраниот апликант Град Скопје ќе склучи договор со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски на договорните страни по основ на користење на недвижната ствар- стан во сопственост на Град Скопје.

## VI. Рок и начин на доставување на пријавите

Крајниот рок за поднесување на пријавите е 17.12.2025 година, до 15:00 часот.

Пријавата со целокупната документација да се достави до Архивата на Град скопје (бул. Илинден бр.82 Скопје) во затворен коверт со назнака: До Комисијата за спроведување на јавен повик за давање право на времено користење на недвижна ствар – стан/ Пријава за јавен повик )

**Пријавите доставени по e-mail нема да бидат разгледувани.**

Образецот за предлог - проект е достапен на интернет страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk.

Учесниците на Јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 5 дена од денот на донесување на Решение за доделување на недвижната ствар - стан.

*За дополнителни информации:*
Прашања за појаснување може да се поставуваат писмено или по електронски пат до Одделението за социјална, детска и здравствена заштита.
Контакт: Одделение за социјална, детска и здравствена заштита, тел: 02/ 3297 278 и 02/ 3297 321 ; Е-маил адреса: socijala@skopje.gov.mk.